**Поврзување на испитите по странски јазици со нивоата на постигање на Заедничката европска референтна рамка: поттикнување на проверката на квалитет и поддршка на мобилноста (РЕЛАНГ)**

Во периодот од 4-6 март, 2015 година Државниот испитен центар во соработка со Европскиот центар за модерни јазици и Европската Комисија ќе одржи работлница насловена: *Изработка на валидни тестови и испити по странски јазици врз основа на стандардите од ЗЕРРЈ.*

Работилницата ќе ја водат експерти од Европскиот центар за модерни јазици, а на истата ќе учествуваат обучувачи на наставниците по странски јазици, изготвувачи и оценувачи на тестовите од државната и училишната матура, изготвувачи на тест-задачи и изготвувачи на наставни и испитни програми.

За што се работи?

Во последните години, Заедничката европска референтна рамка на јазиците (ЗЕРРЈ), се повеќе се прифаќа како инструмент за обликување на образовните политики во изучувањето на странските јазици. Ширум Европа, јавните установи, институтите за испити, училиштата за странски јазици и факултетите за странски јазици- наставна насока бараат начин да ги поврзат наставните програми и испити со нивоата на Заедничката рамка.

На работилницата ќе се работи на модели на ЗЕРРЈ за примена на јазикот; релијабилност, валидност, праведност и етичност; изготвување на тест-задачи за вештините читање, слушање, пишување и говорење; оценување, изготвување на критериуми за оценување на задачите пишување и говорење; поставување стандарди и дескриптори за оценки; критериуми за контрола на квалитетот на испитот.